Врз основа на член 40 став (5) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 160/25), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов, како и начинот на нејзиното издавање и продолжување

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов, како и начинот на нејзиното издавање и продолжување.

### Член 2

(1) Легитимацијата за рекреативен риболов се издава на образец во форма на пластична картичка со светло сина боја со димензии 8,5 x 5.4 cm.

(2) Формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

(1) Легитимацијата за рекреативен риболов се издава трајно, а нејзината важност се продолжува со лепење на маркица за тековната година, по предходно поднесено барање.

(2) Важноста на легитимацијата за рекреативен риболов за секоја наредна година се продолжува со маркица во форма на круг со дијаметар од 3 cm изработена од леплива фолија во сребрена боја, која се  лепи на задната страна на легитимацијата.

(3) Легитимациите за рекреативен риболов Македонската риболовна федерација ги издава на риболовни здруженија кои доставиле барање за издавање на легитимациите за своите членови. Кон барањето за издавање или продолжување на важноста на легитимацијата за рекреативен риболов се доставува список на рекреативни риболовци членови во здружението за кои се бараат легитимациите со доказ за платен надоместок за нивното издавање или продолжување.

### Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината  на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов и начинот на нејзиното издавање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 162/10).

### Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 33-2705/3
29.10.2025 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Цветан Трипуновски

Прилог

Образец на легитимацијата за рекреативен риболов

Предна страна

Фотогра-
фија

ЛЕГИТИМАЦИЈА
ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ
Број ___________
Датум на издавање __________

Име и презиме
Адреса и место на живеење
Број на лична карта
Риболовно здружение

МРф

Бар
код

Задна страна

Место за лепење маркици

Маркица за продолжување

Важи за
_________
година